Ристо КИРЈАЗОВСКИ

# ОД ИЗВЕШТАИТЕ НА АНДРЕАС ЦИМАС, ПРЕТСТАВНИК НА ПЕЕА И ЕЛАС ВО ВШ НА НОВ И ПО НА ЈУГОСЛАВИЈА

Во мај 1944 година Политичкиот комитет на националното ослободување на Грција (ПЕЕА) и ГШ на ЕЛАС за свој пртставник во ВШ на НОВ и ПО на Југославија го делегираа Андеас Цимас.[1]

Делегирањето на Андреас Цимас за претставник на ПЕЕА и на ЕЛАС, односно на КПГ во ВШ и НОВ на Југославија претставува висока форма на соработка меѓу антифашистичките и народносолобидтлените движења на двете соседни блакански земји, организирани и преддводени од комунистичките партии на Југославија и на Грција.

Андреас Цимас пристигна на 22 јуни 1944 година во седиштето на ВШ на НОВЈ, каде што остана до ноември 1944 година.[2]

Во август 1943 година Цимас партиски беше казнет бидејќи во врска на прашањето за односите меѓу народноослободителните движења на балканските земји, наводно, сторил политички и тактички грешки. По војната казната му беше зголемена, поради што беше изолиран. Тоа многу штетно се одрази на неговото здравје. Откако здравствено се опорави, по барање на ПБ на ЦК на КПГ поднесе повеќе опширни

---

[1] Андреас Цимас, адвокат од Костур. Член и функционер на КПГ од пред Втората светска војна. Пратеник на Сенародниот фронт во грчкиот парламент во 1936 година. Член на ЦК на КПГ од 1941 и Политбирото од 1942 година. Секретар на партиската организација во Атина и од 2 мај 1943 година, член на ГШ на ЕЛАС. Од јуни до ноември 1944 година претставник на ПЕЕА и на ЕЛАС во ВШ на НОВ и ПО на Југославија. Почина во Чехословачка како политички бегалец.

[2] АМ, фонд: „А. Цимас", (фоток. АЦКСКЈ, К-1/64)

извештаи за политиката, стратегијата и тактиката на КПГ во текот на Втората светска војна односно за времето кога тој заземаше највисоки воено-политички функции, за текот и за исходот на НОВ; потоа за својот престој и активност како претставник во Југославија и сл.

Во овој прилог поместуваме извадоци од тие извештаи.[3]

1.

Извештајот на Андреас Цимас до ЦК на КПГ, на 6.VI.1951 год.: Моето пристигнување кај Тито на 22 јуни 1944 година (се надевам дека не ја грешам датата) е поврзано со пристигнувањето на една словеномакедонска делегација на чело со Темпо.

Заедно со таа делегација се јавив кај Тито и неговиот штаб. Темпо ме претстави. Откако му ја изнесов целта на моето пристигнување, причекав неколку дена за посебен прием, бидејќи Тито требаше да ги заврши разговорите со Темпо и со Македонците, кои требаше да се вратат во Македонија.

Со Тито и негоивот штаб, неговите најблиски соработници Кардељ, Јовановиќ и др., кои редовно претстојуваа во нашиот логор и со многу од посетителите, се гледав секој ден, на ручек и на вечера.

Тито ми укажуваше извонредна почит ставајќи ме да седнам покрај него, на првото место од лево за време на вечерите и приемите. Тито седеше на чело на масата. Наспроти мене седеше А. Јовановиќ или Крдељ, или рускиот генерал Корнегев, шеф на советската мисија (кога ручаше тој со нас.)

Во првите денови, пред да ме прими официјално, на крајот на јуни или на почетокот на јули Тито ме праша: „Како ќе се развиваат работите во Грција?" Веднаш му одговорив (точно тоа беше моето мислење и убедување) дека како што се развиваат работите во Грција, не само што инцидентите што ги имаме секој ден, туку и општиот оружен судир со Англичаните е неизбежен.

Бидејќи со тоа прашање добивав телеграфски информации од Грција, Тито ми побара информации, посебно за Сјантос, и воопшто за Грција. Во продолжение додадов дека судирот е толку неизбежен, што никој поединец, пак и Сјантос, и да сака не може да го спречи.

Тогаш се јави и едно друго прашање, временски поврзано со погорното прашање, а се однесува на прашањето за личностите на нашето партиско раководство и се поставува при една друга пригода. Сосема сами, дискутирајќи околу нашите политички настани како на пример, Либанскиот договор или македонското прашање, бев принуден да му повторам дека не треба да ме зема мене за основа при оцена на

---

[3]Извештаите се чуваат во Архивот на Македонија во микрофилм.

другите. Тито ми рече: ,,Види како постапив јас. - Околу мене концентрирав млади луѓе. Зошто истото не го стори и ти во Грција.´´

Многупати, уште во првиот период, многу изнесени мисли на Кардељ или на Тито, доаѓаа како оддалечен одраз на моите оценки, како на пример, времнското заостанување во развитокот на партизанското движење кај нас......

Андреас Цимас

2.

Извештај на Андреас Цимас до ЦК на КПГ, 16.6.1951:

Кога кон крајот на 1942 година Тито го испрати Темпо во југословенската Македонија му постави како основна задача да се поврзе со Комунистичката партија на Грција и со партизнакото движење во Грција.

Таа задача, кога се сретнавме со Темпо, пролетта 1943 година, беше пренесена и како линија на Комунистичката интернационала, со која ние немавме никаква врска, а се сведуваше во следното: формирање еден заеднички блакански штаб на соодветните партизански движења, од политички и воени претставници на Комунистичката партија на Албанија, Бугарија, Југославија и Грција; кординација на нивната политичка и воена дејност (политиката спрема Англија посебно); преземање непосредни операции за ослободување на погодни политички и стратешки подрачја, како што е Костур, за сместување заедничка прокламација на трите комунистички партии (грчката, бугарската и југословенската) кон македонскиот народ, која прокламира дека по ослободувањето на Балканот од германскиот фашистички јарем, ќе му дадат целосна можност да се самоопредели и отцепи. За погорното да се потпише политичка спогодба.

Тоа беше политичката платформа на Темпо, кога тој за првпат се сретна во југоисточна Албанија, над Корча, со нашиот претставник Тихлемахос Верверис, кој имаше многу ограничена директива. Имено, требаше да воспостави контакт со Бугарската комунистичка партија и преку неа со Комунистичката интрнационала. Кога Тилемахос Верверис беше убеден дека КПЈ одржував врска со Комунистичката интернационална, се согласи да му се придружи на Темпо, на пат за штабот на Тито. Најверојатно Темпо постојано бил прашуван од Тито за политичката задача со која го задолжи да потпише спогодба со Верверис како претставник на КПГ во духот на платформата. На крајот Темпо решил заедно во Верверис да замине кај Тито во Црна Гора каде што се војуваше во многу тешки услови...

Истата платформа Темпо ја изнесе кога кон крајот на јуни 1943 година се сретнавме на планина во с. Слимница, кја се наоѓа во близина

на грчко-албанската граница. Поради воените операции Темпо не успеал заедно со Верверис да стигне во штабот на Тито во Црна Гора. Сметам дека таа платформа всушност беше платформа на Тито со кого Темпо одржуваше псотојани врски преку радио-предавател.

Што беше тоа што го раководеше Тито да ја доенсе таа платформа?

Во основа лежеа потребите на борбата против фашистичките германско-италијанските окупатори; барање сојузници во соседните народноослободителни и народнодемократски движења; зајакнување и зацврстување на единството на народите што ја сочинуваааат Југославија, што беше нарушено како резултат на големосрпската капиталистичка експлоатација и национално угнетување. Тоа единство беше неопходно и претставуваше предуслов за ослободителната борба против окупаторите, која можеше да се води само ако народите што ја сочинуваа Југославија целосно ги извојуваа своите национални претензии во нова Југославија, што ќе уследеше по протерувањето на окупаторот.

Меѓутоа, тргнувајќи од тие предуслови и со превилното решение на проблемите што му ги поставуваа тековните воени и политички услови, Тито едновремено се соочуваше и со проблеми од друга природа, а тоа беше прашањето што ќе се создадеше по поразот на фашизмот. Иако борбите против германските окупатори беше главна и основа задача, едновремено постоеше и една друга околност, колку политичка толку и воена. Тоа е борбата што ја води против него британската империја, која и покрај нејзиното учество во антифашистичката војна, настојува да ги прибере агентите што останаа во земјата по инвазијата на Германците, Италијанците и Бугарите, да ги организира воено и политички, така што по завршувањето на војната да ја реставрира нивната воено-политичка и економска власт и на крајот англискиот империјализам да ги воспостави своите стари позиции во тој дел на Балканот.

За англискиот имеријализам, Тито, кој води најдоследна и најрешителна војна против окупаторот, не е сојузник, не е антифашист, туку „престапник", „разбојник" и „злосторник по општото право" и како таков сакаат да го третираат по завршувањето на војната (стари навики во нова епоха).

Ако кординацијата на нашата борба против еден непријател, веќе тешко ранет, германско-италијанскиот фашизам, беше апсолутно потребна, уште повеќе стануваше потребна по завршувањето на војата, кога требаше да се соочиме со еден друг непријател кој ќе имаше на располагање неограничени средства и сили.

Тито во 1942 и во почетокот на 1943 година, со кого Англичаните сакаа да се пресметат како со „злосторник на општото право", успехот

на моменталната и идната борба ја гледаше во единството на балканските народи и пред се во тесната соработка со грчкото националноослободително движење.

Кога во летото 1943 година пристигнав на Вис, на прв поглед се добиваше впечаток дека политичката и воената ситуација целосно е изменета. И навистина беше изменета. Тито му имаше зададено решавачки удари на југословенскиот Зервас,[4] Дража Михајловиќ.

... И покрај тоа што од летото 1943 година генерал-штабовите на ЕЛАС и на југословнската народноослободителна армија одржуваа постојана врска, никогаш не беше поставено пашање за заеднички операции од помал или поголем размер.Не успеавме да размениме информации за непријателот ниту пак да дадеме благовремено информации за оперециите што се водеа.

... За Англичаните едно беше најважно, да воспостават односи со ЕАМ-ЕЛАС, кои непосредно не поставуваат прашање на власта, и кои внатрешниот грчки проблем му го препуштаат на слободното изразување на грчкиот проблем му го препуштаат на слободното изразување на грчкиот народ по ослободувањето, а друго да воспостават односи со Тито и неговото движење, и тоа во услови на една невидена оружана и политичка војна против Тито, кој не само што поставува прашање на власта, туку категорички изјавува дека тој и неговото движење ја претставуваат идната власт, идната Југославија.

И по воспоставувањето на добри односи меѓу Тито и Англичаните, тој не престана да дава такви изјави. Напротив, ги продолжи со уште поголем интензитет. Воспоставувањето на дбри односи со Англичаните, за време на војната, едновремено ги содржеше никулците на целосно политичко признавање во повоениот период.

... Словеномакедонското или македонското прашање.

Англичаните во своето настојување да се нагнездат во Грција и успешно да се соочат со неа, беа готови да направат отстапки во Македонија во корист на Тито. Соодветно со димензиите на заканата и пречката за реализација на нивните планови претставуваше и грчкото ослободително движење. Ако нашата соработка со Југославенските претставуваше опасност Англичаните да ја изгубат цела Грција, тогаш тие беа готови да жртвуваат дел од континетална Грција. За да го спасат остатокот на Грција готови беа да ја жртвуваат Македонија. За нив доволно беше само да ја изолираат од нас Југославија, што беше неопходен услов за да не соваладаат. Многу е веродостојно тоа што ми го рекоа Милан и Марко, двајца од тројцата Бугари, што ги сретнав во Sена (пренесувајќи го тоа што слушнаа од Тито во Црна Гора, каде што

---

[4]Наполенон Зервас, командант на грчките наионалистички сили на ЕДЕС во Епир.

скоро се сретнаа) дека среќа е за нас Грците, исто така и за Бугарите, што Тито не беше заведен од предлогот на Черчил, кој за да го придобие му ја вети грчката Македонија. Ово настојување за изолација на Тито од нас, е едната страна на прашањето. Истото прашање, ветувањето на Черчил за Македонија едновремно беше и едно настојување за минирање и на Тито, за кого националното прашање едновремено беше и сила и извор на слабост. Сигурно грчка Македонија присоединета кон Југославија, согласно со ветувањето на Черчил, целосно непријателски расположена,[5] немаше да претставуа додатна позитивна сила на режимот на Тито, кој веќе многу беше натоварен со национални противречности, одрази, старо наследство. Но, и со тоа не се исцрпува прашањето. Де факто признавањето на Тито од страна на Англија и развитокот на војаната, постојаното ширење на неговото влијание кај широките, но многу заостанати, народни слоеви, кај разните националости и народи што ја сочинуваа Југославија, овозможи натрупаување во неговите редови (не треба ниту за еден момент да го заборавиме карактерот на војната) и на непријателските елементи кои имаа многу надежи во силата и политиката на Англија. Тоа налагаше повеќе од секогаш Тито до максимум да ја развие југословенската национална политика, така што се почувствува дека нова Титова Југославија ќе има можност да ги задоволи сите долгогодишни правични национални желби на нејзиниот народ. Таквата политика беше една животна внатрешна потреба на Титовиот режим, бидејќи со водењето поинаква политика имаше опасност да биде истиснат од разни Чентовци,[6] кои длабоко всадените национални желби на Македонците умееја лукаво да ги искористат. Меѓутоа таквата политика од страна на Тито се водеше со голема умешност, мајсторство и кога се однесуваше за Грција, за нас, не само што го прикриваше нашето напуштање на војната против Англија (не мала остапка во наша корист) туку и ја користеше како решавачко средство со цел да не разбуди, да не вразуми секогаш кога водевме дијалог со Англија и владата во бегство и правевме остапки што го изложуваат на голема опасност нашето заедничко балканско дело, како што се договорите во Либан, Казерта итн. Така, не е случајно што првата нивна сериозна офанзива околу македонското прашање и политичкиот напад на Македонците против нас - за што ќе зборувам подолу - доаѓа веднаш по договорот во Либан[7] и создавање точно таква прилика и повод за преземање политичка офанзива против нас околу македонското

---

[5]Цимас смета дека грчкото население во егејскиот дел на Македонија непријателски ќе биде распооожено спрема Југославија

[6]Се однесува на Методија Андонов-Ченто

[7]Македонците Либанскиот договор од 20 мај 1944 година остро го осудија бидејќи беа уверени дека тој го отвара патот кон реставрација на грчкиот ракционерен режим кој уште повеќе ќе ги угнетува национално и социјално.

национално прашање. Таквата наша политика им даваше можност на Македонците да тврдат и тоа со право, дека штом Грците-другари без борба ги напуштија позициите во корист на Англичаните и владата во бегство, ќе го загубат своето дело, тоа значи утре со нашата победа нема да се создадат услови за мироѓубиво решение на македонското прашање меѓу двата пријателски народи и поради тоа ние во нашата независна работа треба да го зајакнеме движењето на словеномакедонците во Грција, така што со завршувањето на војната да можат национално да се ослободат и да се присоединат кон Македонија.

... Кога настојуваше Темпо во нашата средба во јуни 1943 година да постигне спогодба врз основа на неговата политичка платформа што погоре ја изнесов, слична на спогодбата што ја склучи со Тилемахос Верверис, јас категорички се спротивставив и само по негово упорно настојување прифатив еден нацрт договор со сите негови услови, освен оние што се однесуваат на македонското прашање. Во врска со тоа, во договорот се велеше; „Југословенските македонски единици, кои поради воените опереции ќе бидат принудени да велзат во Македонија, должни се да ја популаризираат и спроведуваат политиката на КПГ-ЕАМ-ЕЛАС спрема словеномакедонците, што значи национална рамноправност (овде имаме една забелешка). Во еден разговор со Темпо пред да замине од Вис ми рече дека Тито го укорил за тој услов и му рекол дека не требало да го прифати. Јас сметам дека Тито имаше право да го критикува Темпо.

Од денот на потпишувањето на таа спогодба, македонските единици од југословенска Македонија многупати поминаа и престојуваа во грчка Македонија, која едновремено им служеше и како излезна точка за напад и како прибежиште. Тие тука наоѓаа целосна поддршка и од нас и од населението. Колку пати наминав од таму (подрачјето на Караџова) многу малку се интересирав дали ја почитуваат југословенските партизани гореспоменатата спогодба. Тогаш тоа не беше основната цел. Основната цел беше да се оттргне тоа население од бугарското влијание, што ние за жал дотогаш, особено во Воденско, не успеавме да го отргнема.[8] Ако го придобиваа Србомакедонците[9] населениетто со својата политичка работа нешто што го бараме и ние, ни излекуваат една рана, односно не ослободуваат од заострувањето на противречностите помеѓу Словеномакедонците и Грците што ги разгоруваа Гестапи и бугарската команда во Воден. Од друга стран да се впуштивме во тоа што зборуваа Словеномакедонците, од многу

[8]Влијанието на бугарската пропаганда во Воденско многу е предимензинирано, а всушност тоа било многу послабо од другите делови на Егејска Македонија.

[9]Се мисли на вардарските Македонци

причини беше невозможно и неумесно. Лично немав дилема што тие им зборуваа на своите сонародници, бидејќи тие прво мене отворено ми зборуваа. На ова ќе се задржам подолу. Така денес југословенските Словеномакедонски единици, зборувајќи на тој договор, на нашите односи спрема нив, гостопримството што го уживаа, поминаа во отворен политички напад против нас и многу далеку отидоа во тоа. Погоре објаснив кои беа политичките причини што ја преидзвикаа таа нивна офанзива, точно склучувањето на Либанскиот договор.

... Тито заедно со Кардељ и Жујовиќ ме чекаше. Мене ме сместија на чело на масата, на другиот крај седеше Жујовиќ, од мојата лева страна Хари и десно од мене прво Тито а потоа Кардељ. На Тито му зборував за поздравните телеграми што пристигнаа од Грција (претходно му ги имав предадено во превод). Ми се заблагодари и ништо повеќе не рече. Веднаш потоа поминав на целта на моето доаѓање, кое што уследи по негова покана. Побарав врз основа на принципот на реципроцитет и тој да испрати свој преставник при ГШ на ЕЛАС и ПЕЕА на Грција. Исто така побарав и материјална воена помош. На првото прашање ми одговори дека моментално од чисто технички причини не може да испрати свој прставник во Грција. Меѓутоа, се надева подцна, со снабдувањето со авиони ќе биде овозможено да биде испратен таков претставник. За материјалната помош ми одговри на сличен начин и ме потсети дека и тој прима помош од Англичаните и Русите. Со тој одговор ме насочуваше кон Советската мисија. Од мене побара информации за помошта што ни ја даваат Англичаните. Му објаснив дека помошта што ја даваат е крајно недоволна, минимална и честопати никаква. Потоа поминав на телеграмите што ги примив за Словеномакедонците и за нивната политичка офанзива против нас. Поведовме дискусија околу Словеномакедонците и во текот на истата потенцирав дека ние денес сакаме за југословените да обезбедиме цврста соработка со седум милиони Грци и дека Југославија со својата политика не треба да ја изложува во опсаност соработката подржувајќи ги Словеномакедонците, кои преставуваат еден мал дел од вкупното население во Грција. Тито ми одговори дека навистина ги има предвид тешкотиите под кои се бориме и кои ја диктираат денешната наша политика за Словеномакедонското прашање.

Потоа поминав на клеветите од страна на Словеномакедонците против нас, дека во ЦК на КПГ дејствува Интелицнс-сервис итн. Тито ме погледна и бидејќи не ми даде одговор, јас претенциозно, со издигнат глас, што добиваше еден тон повеќе од болката што ме гушеше, побарав од него да ми ја дефинира мојата позиција, видувајќи дека клеветите на Македонците, мојата позиција кај него ми ја направија многу чувствителна. Тито ме праша зошто мојата позиција кај него станува

чувствителна. Му објаснив дека ако дејствува Интелиџенс-сервис во ЦК на КПГ, тогаш не е исклучиво со моето пристигнување да ја прошири својата дејност и кај него. . .

Кога му објаснив дека мојата позиција кај него станува чувствителна Тито се насмемвна и пак непосредно не ми одговори. Заклучувајќи ја дискусијата, ми рече дека повеќе објаснувања ќе добијам од Кардељ. Ја напуштивме пештерата на Тито и отидовме во пештерата на Крадељ во која бевме само ние двајцата, јас и Кардељ. Кардељ повеќе време употреби во изнесувањето на оцнеките на Југословените за братската КПГ и за успесите што ги постигна таа. Покрај успесите, рече Кардељ таа направи и грешки, (но никогаш не ми ги посочи, односно не ми ги посочија тие грешки, освен нашата кваливикација на грчко-италијанската војна како антифашистичка и нашето учество во неа). Тоа беше единствената конкретна грешка што ја слушнав. Семтам дека излишно е да образложувам дека одлучно се борев против таквото гледиште. Кардељ во продолжение рече дека како резултат на тие наши грешки не ќе можеме да ги задржиме денешните позиции. Со кратко разиме од она што ми го кажа Кардељ, телеграфски го запознав раководството на Грција. Така заврши мојот разговор со Тито. Не е чудно ако јас, резимирајќи ги моите впечатоци во една од моите телеграми до ПБ на КПГ соопштив дека пречекот и приемот кај Тито е исклучиво дипломатски...

... Рускиот генерал Корнегев ми рече да им го пренесам на нашите во Грција, следното: „Советскиот Сојуз по кукавичкиот напад на германските фашисти и во текот на војната, претрпе големи загуби во луѓе и материјал. Нема никакво сомнение за дефинитивната и крајна победа против Германците-агресори. Но, победата ќе биде добиена со напрегнување на сили и големи жртви. Тоа треба да го имаат предвид вашите **кога ја тресираат вашата политика˝**.

.... Изминаа повеќе од десет дена. Вистина е дека не знам точно колку денови изминаа. Неочекувано ме информира Кардељ, без да ми се јасни причините и поводот, дека рускиот генерал др. Корнеѓев се подготвува за 2-3 дена да отпатува во Советскиот Сојуз. Јас за тоа ништо не знаев. Добив температура. Веднаш размислив и одлучив да се обратам до Маршалот Сталин и до Советската влада за политичка и воена помош. За тоа немав никаква директива од Грција. Сепак бев претставник и требаше да развијам сопствена иницијатива. Седнав и лично на руски јазик го напишав првиот дипломатски документ. Го поместувам речиси дословно на грчки јазик:

„ До Н.Е. Претседател на Министерскиот совет Маршал
Сталин и Советската влада
Многу почитуван Маршал.

Од името на грчкиот народ, од името на три милиони Грци организирани во ЕАМ, и во грчката народноослободителна армија, од името на КПГ, Ви се обраќам Вам и до Дашата влада и барам:

1) политичка и морална помош во нашата војна протов окупаторите.

2) Вашата воена и техничка помош.

Со надеж дека ова наша молба ќе биде позитивно прифатена

Со почит,

А. Цимас

Претставник на ПЕЕА на Грција и на ЕЛАС кај Маршал Тито и неговата влада.

Како што беше природно, во врска со тоа ништо по телеграфски пат не јавив во Грција. Ниту подоцна кога се сретнав со другарите ништо не реков во врска со тоа, претпоставувајќи дека руските офицери што пристигнаа во Грција имаат кажано за тоа.[10]

... Во цела Грција ние продолживме да го осудуваме Либанскиот договор и одбивавме да учествуваме во Владата, под неповолните услови за нас што ги содржеше истиот. Во тој временски период мојата одговорност како воен и дипломатски претставник при Владата на Тито, уште повеќе се зголеми. **Околу мене се менуваше целата атмосфера**. Нема да дадам повеќе податоци туку само потегот на Ѓилас, кој ми побара да напишам една статија за Грција, со цел да се објави во навниот теоретски-политички орган „Нова Југославија", што во тој период се печатеше во Италија. Поканата беше проследена со специјална препорака дека не мора да се пишува за Македонското прашање, за тоа нема потреба итн. Во периодот кога Англичаните ми го стегаа менѓемето, немаше потреба да го потенцираме тоа што не разделува, туку напротив тоа што не обединува...

... Тито се наоѓаше во Италија, каде што преговараше со Черчил, кога на Вос пристигна група офицери на Црвената армија на чело со потполковникот Попов.

Советската воена мисија на Вис ме покани на ручек. Таму се запознав со Попов и неговата група што требаше да допатува во Грција.[11] Групата офицери побара од мене да ги средам сите поединости околу атерирањето на нивниот авион на слободната територија во Грција. Се прашував каде е шефот на советската Мисија, и поконкретно се поставуваше прашањето каде ќе оди нејзиниот шеф генерал Корнегев? Дали ќе дојде во Грција или ќе остане во Југославија? На тие прашања

---

[10]По средбата со Тито, Цимас се состана со шефот на советската мисија во Југославија генерал Корнегев на кого детално му ги изнесе сите прашања кои се однесуваа на односите КПЈ-КПГ и со скорешниот разговор со Тито.

[11] Советстаката воена мисија во ЕЛАС пристигна во Грција на 28 јули 1944 година.

советксата дипломатија не одговори или подобро речено изборот, поставувањето од „учтивост", Сталин му го препушти на Черчил, кој во тој период безобѕирно му вршеше притисок на Тито во Италија.

Не знам кога и каде заглавив со советските тенкисти, или дали други ми пренесоа нивни искажувања. Секако, кога беа прашани зошто од Бугарија не тргнаа право за Грција, штом таму се уште се наоѓаа Германците, се кажа дека тенкистите одговориле дека било предвидено да стигнат од границите во Атина порано од Англичаните, кои се истовариле во Елефсина, два часа оддалечена од Атина. Тоа не е сторено благодарение на „добрината" на Маршал Сталин, кој отстапи по молбите на Черчил, кој пак во тоа време забрзано направи две патувања, едно во Вашингтон, друго во Москва...

... Англиската политика беше изненадена од напредувањето на Црвената армија на Балканот. Се наложи Черчил да допатува итно во Москва. Исто така беше потребно повеќе време да се соземе и да премине во контранапад. Таков беше декември.[12]

... Да резимираме: во новиот поход на англиската дипломатија на Балканот во летото 1944 година, која многу лукаво ја прикриваше, сакаше да ја претстави како напор за создавање политички услови за премин во нормален повоен живот!!! Советската дипломатија реагираше многу внимателно и воздржано и се задоволи само со испраќање воена мисија во Грција. Таа мисија скромно беше именувана како огранок на Советската воена мисија во Југославија и повлекувањето на шефот на истата, генерал др. Корнеѓев.

... Јас бев задоволен од пристигнувањето на спомната советска Мисија во Грција. Сигурен бев дека по англиската дипломатска офанзива во летото 1944 година, во Грција ќе пристигне советска мисија. Советската дипломатија за испраќање на мисиј сигурно ќе побараше други патишта и начини. Меѓутоа мојот престој на Вис ја олесни процедурата. А моето писмо до Сталин и советската влада придонесе за тоа. Во тој период на островот Вис ги поминував најсреќните денови од мојот живот.

Оваа радост не траеше долго. Траеше до оној момент кога ги слушнав зборовите на Тито „И ти си овде"? што ми ги кажа на пречекот на аеродромот кога се враќаше од Италија.[13]

Будимпешта 16 јуни 1951 год. А. Цимас

---

[12] Се мисли на англиската воена интервенција против ЕЛАС во декември 1944 година.

[13] Тито по прифаќањето на Либанскиот договор од страна на КПГ, смета дека судбината на НОВ на Грција е запечатена, поради што престојот на Цимас на Вис е изличен

3.

Извештај на Андреас Цимас до ЦК на КПГ 29.V.1951 год.

Летните месеци **по Либан**,[14] многу страдав на островот Вис. **Мојата политичка-дипломатска позиција се измени**. Односот на југословенските другари кон мене се измени. Јас бев оддалечен од средината на Тито и неговиот штаб и бев испратен кај Ранковиќ...

... Оставајќи го шоферот и автомобилот, со италијански автобус пристигнавме во Неапол, Италија.[15] На крајот сретнавме двајца грчки офицери од цивилната морнарица кои ја опслужуваа грчката влада.[16] Тие ни кажаа дека грчката влада се наоѓа во Капо-Де малку подалеку од Казерта. Со еден товарен камион и југословенски партизани во Капо-Де пристигнавме доцна во ноќта.

Во внатрешната скала на зградата се сретнав со Карталис.[17]

Карталис ме поврза со Зевос, кој стоеше во влезот од левата страна. Потоа дојде и Порфирогенис.[18] Сите ние и Малкоцис и еден-два Југословени отидовме во трпезаријата каде што министерскиот совет тој момент вечераше. Претседателот на министерскиот совет отсуствуваше.

Мојата појава кај присутните остави лош впечаток. Другарите Зевгос и Порфирогенис истата ноќ ми рекоа дека треба што поскоро да си одам.

Зволис и Циримокас побараа од мена да ја облечам војничката капа со црвена ѕвезда што ја држев во џебот. Зволис бараше многу информации за ситуацијата во Југославија, на што јас со задоволство одговарав.

Од министрите само Драгумис[19] побара посебна средба со мене што ја утврдивме, но не ја реализиравме бидејќи наредниот ден јас заминав. Александрос Зволис[20] ме задржа повеќе време во разговор во присуство на сите во трпезаријата.

---

[14] Се однесува на Либанскиот договор

[15] Во втората декада на септември 1944 година владата на Г. Папандреу од Каиро се префрли во Италија со цел да биде поблиску до Грција која се очекуваше скоро да ја напуштат Германците и Бугарите. Во текот на нејзиниот престој во Италија, на 26 септември 1944 година е склучен договорот на Казерта со кој ЕЛАС се стави под нејзина непосредна команда. Цимас во тоа време од Вис допатува во Италија со цел да се сретне со министрите на КПГ-ЕАМ-ПЕЕА кои од почетокот на спетември влегоа во владата.

[16] Се однесува на грчката влада на чело со Г. Папандреу

[17] Георис Карталис. Политички раководител на ЕККА (Национален и социјален просперитет).

[18] Милтијадис Порфирогенис, член на ЦК на КПГ, министер во владата на Папандреу, делегиран од КПГ.

[19] Константинос Драгумис, од Западна Македонија. Познат политичар на Популистичката партија, брат на познатиот колач на Македонците од андартското движење Јон Драгумис.

[20] Александрос Зволос, професор на атинскиот Универзитет, Секретар на Социјалистичката партија на Грција. Претседател на ПЕЕА, министер во владата на Папандреу.

Доцна вечерта малку време разговарав со др. Зевгос и Порфиригнис. Се договоривме наредниот ден да се состанеме. Им ја соопштив пријатната вест дека ќе ги поврзам со раководството во Грција и одлучивме наредниот ден да му направам една формална посета на Претседателот на Министррскиот совет.

Наредниот ден многу рано уште пред да го завршам состанокот со др. Зевгос и Порфирогенис но соопштија дека чека да се сретне со мене Претседателот на Министерскиот совет, односно на Владата - Георгис Папандреу. Отидов заедно со Порфирогенис. Не ми е познато што сакаше да постигне со оваа негова посета. Дали сакаше да ми направи лична чест, или сакаше на средбата и на тоа што е дискутирано во неа да и даде полуофицијалне карактер.

Освен Претседателот на Владата, Папандреу, на средбата присуствуваа шефот или заменикот шеф на Генерал штабот, полковникот Лајос, англискиот мајор Кенет Матиос (тој ми беше познат од Египет) еден непознат полковник и еден-двајца англичани. Претседателот изгледаше уморен...

Папандреу ме пречека со зборовите: „Вчера вечер ме известија за твоето пристигнување и ете дојдов да те видам". Топло се поздравивме. Папандреу за првпат го видов во Парламентот во 1936 година и тоа од далеку. Неговиот говор во поменот на Венизелот[21] ми остави голем впечаток. Подоцна, во 1943 година кога заедно со Сарафис[22] од слободната територија отидовме во Атина, во куќата на мојот сонародник Папалазару,[23] негов прв секретар, по барање на Сарафис воспоставив врска со него. Средбата Сарафис-Папандреу се одржа во посебна соба. Во исто време јас разговарав со Папалазару. Него и Папандреу ги мачеше ставот случајно да не имаме контакти со Георги Димитров. Не ми е познто дали ги успокоија моите негативни уверувања. Многу зборови разменивме со Папалазару кога заминуваше тој. Притоа тој најде погодна прилика да ми се пожали дека неговите најубави години залудно отидоа, а можел многу да направи. И кога му реков: Дали не е доволно тоа што слушна од Сарафис; што друго сакаш; дојди горе во планина каде има услови да создаваш. Ме стегна со двете раце и ми рече: „Одете-одете и јас ќе дојдам кај вас". Тоа го кажа простум кога си одевме.

И сега Претседателот на Владата, не од нашиот пат, патот на планината,[24] туку од спротивниот пат, доаѓаше да ме посети и да ме види. Јас и др. Профирогенис имавме решено да го посетиме. Јас,

[21] Елефтериос Венизелос, шеф на грчките либерали.
[22] Стефанос Сарафис, командант на ЕЛАС.
[23] Македонец од Костурско, гркоман и припадник на грчките граѓански партии
[24] Се мисли од позициите на Движењето на отпорот.

неписмен за општествените односи и не многу заинтересиран околу формалносите, туку само за суштината, можеби немаше да се осмелам да го посетам само по моја иницијатива иако бев заинтресиран да се сретнам со него. Иницијативата на Порфирогенис беше решавачка. Ете на тој начин е остварена средбата.

По формалносите околу моето здравје, престојот во Југославија итн., побара информации за Југославија. Информациите што му ги дадов за Југославија без опширни и потресни.

Не знам поради кои причини, дали како реакција на моето општирно излагање, или тоа претставуваше главна цел на неговата посета, во неговата дискусија карактеристично што изјави беше:

„На мислење сум дека интересот на Англија за Балканот е апсолутен˝. Имаше изминато малку време од неговата средба со Черчил, за која рече: **„од средбата и од тоа што го слушнав, извлеков заклучок дека интресита на Англија за Балканот се апсолутни˝**. Во продолжение ми рече: „Мислам ако го продолжи Црвената армија (тогаш се наоѓаше на д Романија) напрдувањето кон југ, односите меѓу сојузниците ќе доживеат криза˝. Кажа и други работи. Но, јас не ги запомнив, бидејќи ме изневери мојот ум и измина мноуг време. Меѓутоа, погорното е основно и главно.

Веднаш потоа Папандреу ја продолжи дискусијата поставувајќи друго прашање: „Дали Тито-претпоставувам мислеше лично на Тито-некогаш го иницира македонското прашање. Искрено му одговорив со НЕ и покрај тоа што и кога мене ми се пружаше прилика го покренував тоа прашање. Меѓутоа, на моето прашање никогаш не добив одговор. (Овде треба да се оградиме од едно. Едно е тоа што правеше нивната пропаганда, а друго е дали нивната влада официјално поставуваше такви прашања).

Во продолжение на својата дискусија Папандреу ми го рече селдното (на ова се надевам дека се сеќава и друг-Порфирогенис): **„Немам ништо против ако е Тито распоoожен да пристапи кон отстапки во Јужна Албанија во корист на Грција, а ние да задоволиме соодветни аспирации на Тито во грчка Македонија˝**.

Потоа се состанав со Зевгос и Порфирогенис. Им ветив дека ќе ги поврзам со планината.[25]

На другарите Зевгос и Порфирогенис им ги доставував радиограмите што ги добивав од Грција и обратно, нивните телеграми ги испраќав во Грција.

Врската Грција-Зевгос и Порфирогенис беше воспоставена и тоа претставуваше едно задоволство.

---

[25] Се мисли на раководството на КПГ во Грција односно во слободната територија.

Откако се одморив по некој повод се сретнав со Тито. Го запознав со содржината на целиот разговор со Папандреу и посебно за оно што предложи во врска со Јужна Албанија и Македонија. **Околу тоа прашање Тито не кажа ниту еден збор. Го оставив да помини незабележано,** иако добро сфаќаше дека инсиситрав за тоа прашање да добијам одговор.[26]

29 мај 1951 год. А. Цимас

Извештај на Андреас Цимас до ПБ на ЦК на КПГ, 11.12.1950 година.

Овде се задржувам на десничарската грешка главно спрема југословенската делегација (со југословенската беше дојдена и албнска делегација), кога се манифестира преку држењето и односот на Сјантос спрема Темпо, држење и однос што го предизвика Темпо да не нападне. Сјантос, покрај другото, не им дозволи на двете делгации (југословенската и албанската) да го посетат ГШ на ЕЛАС под мотивација да не бидеме изложени пред Англичаните и мерките што ги презеде Политбирото на КПГ против мене, бидејќи воспостави контакт со нив; затоа што ги одведов во Тесалија; за говорот што го одржав во Кастања во кој го потенцирав општиот интерес и за борбата на блаканските народи и нивниот вечен сон што се роди во годините на Ригас од Фере за една блаканска федерација; затоа што склучив договор за испраќање на претставници во соодветните главни штабови и за воено-политичка соработка. Тој договор не беше на штета, туку беше во наша корист и обезбедуваше многу предности, покрај другото, во најневралгичните точки по македонското прашање. Партизанските единици на југословенската Македонија кои поради воени потреби пребегнуваа во грчка Македонија бев должен, соглансо овој договор, да ја спроведуваат линијата на КПГ меѓу Словеномакедоните во Грција.

---

[26]Во врска со тој предлог на Папандреу и ставот на Тито како што го изнесува Цимас, треба да се има предвид следното; Кога Цимас разговарал со Г. Папандреу постоеше оперативен план на Црвената армија да ги продолжи операциите во Грција, каде што се уште се наоѓаа Германците. Стотици советски војници во втората половина на септември се појавија во Источна (Егејска) Македонија. Со одлука на маршал Толбухин бугарската ИИ армија во Источна Македонија, која од окупациона се трансформира во сојузничка, требало да го продолжи престојот во Источна Македонија за да учествува во воените опрерации против Германците за што беше склучен договор меѓу функционерот на БРП (к) Добри Трпенев и раководителот на КПГ во тоа подрачје Ѓоргис Еретријадис. А кога Цимас го запознаваше Тито со разговорите што ги водел со Папандреу, ситуацијата беше коренито изменета. Имено, Черчил на 9 октомври 1944 година допатува во Москва и дефинитивно се договори со Сталин, Грција да потпадне под целосно влијание и интерес на Велика Британија. При таквиот тек и развиток на настаните во врска со Грција, прифаќање разговор околу предлогот на Папандреу можеше да се оцени и како провокација.

Оваа наша грешка ќе можам пошироко или пократко да ја образложам. Во продолежение ќе се навратам на нашите односи со Југославија презентирајќи поинтресни материјали од поедини случаи.

Накратко. Ова наша грешка произлегува од омаловажувањето на единствениот фактор, на југословенскиот народ, врз кој требаше да се потпревме, колку за време на оружената борба против окупаторот, толку и во градењето на нашата политика спрема Англија во војната и потоа.

11.12.1950 год. А. Цимас